cessda eric

Конзорциум на европски архиви за истражувачки податоци од општествените науки
Европски конзорциум за истражувачка инфраструктура

## Контакт

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје**
**Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ)**
Булевар Партизански одреди 66.
1000 Скопје
Телефон: +389 2 3061 119
Ел. пошта : contact@isppi.ukim.edu.mk
Мрежна страна: www.ukim.edu.mk

## За CESSDA ERIC

CESSDA ERIC обезбедува голем обем, интегрирани и оддрживи услуги во врска со истражувачки податоци од општествените науки. Ги обединува архивите на податоци од општествените науки во Европа со цел промоција на резултатите од истражувањата, и ги поддржува националните и меѓународните истражувања и соработка.

**CESSDA ERIC**
Parkveien 20
5007 Bergen, Norway
Телефон: +47 55 58 36 48
Ел. пошта : cessda@cessda.eu
Мрежна страна: www.cessda.eu

cessda saw

*Оградување: Овој проект е финансиран од Програмата за истражувања и иновации на Европската Унија Хоризонт 2020 со договор бр. 674939*

cessda eric

Конзорциум на европски архиви за истражувачки податоци од општествените науки
Европски конзорциум за истражувачка инфраструктура

# Нацонален сервис за податоци - МАКЕДОНИЈА

**МК АИПОН**
Македонски архив на истражувачки податоци од општествените науки

## Зошто воспоставување на национален сервис за податоци?

Од перспектива на политики во науката, националните сервиси за податоци обезбедуваат бројни придобивки за научните заедници кои ја оправдуваат потребната инвестиција.

**Долгорочен пристап**
За да се осигури поширока и поефективна употреба на постојните податоци, почитувајќи ги ППИПУ принципите (податоци кои се: достапни за Пребарување, Пристапни, Интероперабилни, Повеќекратно Употребливи)

**Поефикасно искористување на јавните финансии**
Јавно финансираните податоци стануваат понатаму употребливи за нови корисници, и за нови промислувања и научен придонес

**Унапредена истражувачка практика и квалитет**
Преку овозможување поголема транспарентност и отвореност за повторна употреба

**Финансирање и објавување во научни списанија**
Поради зачестеност на барањата податоците да бидат депонирани во архиви/репозиториуми

**Додадена вредност од секундарните истражувања**
Секундарното користење на податоци додава вредност на универзитетските предавачи и студенти, како и на општеството и стопанството

# Кои сме ние?

**Македонскиот архив на истражувачки податоци од општествените науки (МК АИПОН)** ќе биде национална инфраструктура и јавен сервис кој ќе обезбедува догорочно чувување и диструбуција на истражувачки податоци од општествените науки во Република Македонија. МК АИПОН ќе биде дел од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, една од најстарите јавни истражувачки институции во општествените науки во Република Македонија. Министерството за образование и наука е круцијална институција за воспоставување на МК АИПОН како дел од националната научна инфраструктура.

# Нашата мисија

Нашата мисија е да ги зачуваме истражувачките податоци од општествените науки создадени од истражувачите во Македонија, како и да ги унапредиме истражувањата од општествените науки овозможувајќи истражувачките податоци да бидат достапни за секундарна анализа, и обезбедувајќи листа на проекти која може да се пребарува, и со нив поврзани публикации и датотеки со податоци.

# Што обезбедуваме?

Клучните активности на МК АИПОН ќе бидат:

- Чување и распространување на квантитативни и квалитативни податоци;
- Пристап и поддршка на корисниците и давателите на податоци, како и наоѓање на рамнотежа меѓу барањата на корисниците и давателите на податоци;
- Постојано следење на усогласеноста со меѓународните стандарди во областа на чување и управување со податоци;
- Соработка со пошироката научна заедница во областа на собирање и распространување на податоци; и
- Промоција на иницијативата за Слободен пристап

Предвидени се и одреден број дополнителни услуги и активности, како обуки за управување со податоци и за методологија на научните истражувања за истражувачите, и соработка преку меѓународни проекти.

# Каков вид на податоци поседуваме?

Нашата архивска збирка ќе се стреми да опфати квалитативни и квантитативни податоци од повеќе научни дисциплини вклучувајќи антропологија, социологија, политички науки, комуникациски науки, психологија, право, образовни науки, економија, бизнис и менаџмент, демографија, и други дисциплини на општествените науки.

За да бидат прифатени во МК АИПОН, истражувачките проекти треба да исполнуваат одредени критериуми, како што се: обезбедување поверодостојни податоци и разбирање на современото општество (особено македонското општество), обезбедување на споредбени или континуирани истражувачки податоци (на пр. панел податоци, лонгитудинални анкети, и временски серии кои овозможуваат анализа на трендови), како и вкрстени податоци и други видови податоци. Овие услови ќе се применуваат без оглед за која дисциплина станува збор.

# За кого се наменети?

МК АИПОН ќе обезбедува услуги за членовите на истражувачката заедница (и за давателите и за корисниците на податоци), вклучувајќи истражувачи, наставници, студенти и членови на пошироката јавност заинтересирани за резултати од истражувањата во општествените науки. Креатори на податоци се високообразовните и истражувачки институции од јавните и приватните универзитети, други јавни и приватни истражувачки институции, индивидуални истражувачи, јавни институции како Државниот завод за статистика, и други организации како невладини организации и тинк тенкови.

Корисници на податоци ќе бидат регистрираните истражувачи, наставници и студенти од Македонија и светот, како и други заинтересирани страни - јавни институции, креатори на јавни политики, новинари итн. - за кои сервисот на податоци, во одредени случаи, може да го задржи правото на одлучување за пристапот до податоци.

# Повеќе информации

За повеќе информации посетете ја веб страната https://mk.seedsproject.ffzg.hr или контактирајте ја Анета Цекиќ (anetac@isppi.ukim.edu.mk) од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје.